**АНАЛИЗА НА ЦЕНИТЕ НА ДЕЛ ОД ПРЕХРАНБЕНИТЕ ПРОИЗВОДИ ЗА МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 2009 ГОД.**

**забелешка**

Анализата на добиените резултати од следењето на цените за месец декември се дадени подолу во табелата. Цените се следени двапати во месецот во четири супермаркети : Веро, Тедико-Супер, СП Планет и Рамстор. Забележано е следното:

- Забележано е намалување кај цената на макароните од 500 г како кај најниската така и кај највисоката забележана цена за 2 до 4 денари.
- Цената на оризот од 500 г е зголемена во однос на претходниот месец за 5 денари. Оваа цена се однесува на највисоката забележана цена.
- Кај гравот од 500 г имаме намалување на највисоката забележана цена во однос на претходниот месец за шест денари.
- Намалување на највисоката забележана цена има кај замрзнатото цело пиле која за месец декември изнесува 172,00 денари додека истата за месец ноември изнесувала 189,00 денари.
- Кај пилешките гради рефус има намалување на најниската забележана цена за 25 денари а зголемување на највисоката во однос на претходниот месец за 29 денари.
- Кај свинските виршли забележано е зголемување на највисоката забележана цена во однос на претходниот месец за 2,00 денари.
- Јогуртот има највисока забележана цена за 3,00 денари повисока во однос на месец ноември.
- Нешто пониска цена во однос на месец ноември има кај кравјото сирење и тоа за 4,00 денари, додека кај овчото сирење највисоката забележана цена во месец ноември изнесувала 315,00 денари а во месец декември таа е повисока и изнесува349,00 денари.Истото е и кај мешаното сирење кое во месец ноември имало највисока забележана цена од 229,00 денари додека во месец декември таа изнесува 273,00 денари.
- Кај кравјиот кашкавал се бележи пораст на највисоката забележана цена во однос на месец ноември за 6,00 денари, додека кај овчиот кашкавал намалување на оваа цена за 14,00 денари што е случај и кај мешаниот кашкавал и тука има намалување на највисоката забележана цена но за 6,00 денари.

- Кај зејтинот најниската забележана цена е пониска за 2,00 денари во однос на месец ноември, додека кај маргаринот наголемување на цената за 6,00 денари.
- Интересно кај мешаниот мармалад е што на мармалад од 850 г цената му се движи до 98,00 денари а мешан мармалад од 710 г се среќава по цена од 110,00 до 124,00 денари.
- Најниската забележана цена кај зачинот е нешто пониска во однос на претходниот месец и тоа за 4,00 денари.
- Оцет од 1л за месец декември е со цена од 30,00- 36,00 денари додека овој производ во месец ноември можел да се најде по цена од 32,00-55,00 денари.Карактеристично и тука е што оцет од 0,7 л е со повисока цена од оној од литар споредбено со грамажата.

На потрошувачите им препорачуваме освен што треба да ги следат цените уште повеќе да внимаваат на грамажата, бидејќи можат да се сретнат производи со помала грамажа кои се поскапи во однос на оние со поголема грамажа.

Подолу во табелата може да се видат цените на некои од прехранбените производи и тоа од најниската забележана цена во моментот на следење на цените до највисоката забележана цена.

| ПРОИЗВОД | Месец јули/август Цена во денари Од/до | Се птември Цена во денари Од/до | О ктомври Цена во денари Од/до | Ноември Цена во денари Од/до | Декември Цена во денари Од/до |
|---|---|---|---|---|---|
| **Бел леб 430/500г** | 15,00 -18,00 | 17,00-22,00 | 17,00-18,00 | 17,00-18,00 | 17,00-18,00 |
| **Полубел леб 470/480 г** | 16,00-17,00 | 16,00-20,00 | 17,00 | 16,00-17,00 | 16,00-17,00 |
| **Макарони 500 гр** | | 44,00-54,00 | 30,00-55,00 | 30,00-50,00 | 27,00-52,00 |
| **Макарони 400 гр** | | 25,00-29,00 | 29,00 | 29,00 | 25,00-29,00 |
| **Ориз-9оо г** | 76,00-85,00 | 76,00-85,00 | 69,00-85,00 | 69,00-80,00 | 69,00-85,00 |
| **Ориз -500 г** | 44,00-65,00 | 44,00-62,00 | 49,00-65,00 | 44,00-69,00 | 42,00-46,00 |
| **Грав-900 г** | 120,00-163,00 | 129,00-163,00 | 138,00-163,00 | 134,00-163,00 | 126,00-163,00 |
| **Грав -500 г** | 54,00-96,00 | 48,00-55,00 | 48,00-84,00 | 48,00-90,00 | 48,00-84,00 |
| **БрашноТ-4001кг** | 36,00-40,00 | 35,00-41,00 | 35,00-42,00 | 34,00-42,00 | 31,00-42,00 |
| **Копани /1кг смрзнати** | 157,00-209,00 | 130,00-210,00 | 142,00-210,00 | 149,00-210,00 | 157,00-210,00 |
| **Замрзнато цело пиле /1 кг** | 151,00-172,00 | 152,00-189,00 | 122,00-175,00 | 122,00-189,00 | 122,00-172,00 |
| **Пилешки гради-рефус1кг** | 195,00-369,00 | 195,00-369,00 | 187,00-343,00 | 187,00-340,00 | 162,00-369,00 |
| **Риба ослиќ 1кг** | 168,00-226,00 | 168,00-209,00 | 168,00-209,00 | 168,00-213,00 | 149,00-237,00 |
| **Паштети -пилешка (50г)** | 16,00-22,00 | | 19,00-22,00 | 24,00 | 19,00-24,00 |
| **Паштети -пилешка(75г)** | 27,00-30,00 | | | 21,00 | 28,00-29,00 |
| **Паштети -пилешка(95-100г)** | 39,00-43,00 | 39,00-43,00 | 35,00-43,00 | 35,00-43,00 | 38,00-43,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Паштети -јунешка(50г)** | 22,00-24,00 | | | 23,00 | 23,00-24,00 |
| **Паштети -јунешка(75г)** | 26,00-29,00 | 23,00-29,00 | 26,00-30,00 | 26,00-30,00 | 26,00-29,00 |
| **Виршли пилешки200-270г** | 34,00-53,00 | 49,00-54,00 | 49,00-54,00 | 49,00-54,00 | 49,00-55,00 |
| **Виршли пилешки300 г** | 67,00 | | / | / | / |
| **Виршли пилешки 1кг** | | 166,00-189,00 | 166,00-189,00 | 166,00-189,00 | 166,00-189,00 |
| **Виршли свински 250г-300г** | 44,00-53,00 | 50,00-53,00 | 52,00-54,00 | 49,00-53,00 | 49,00-55,00 |
| **Виршли свински1кг** | 166,00 | 166,00-196,00 | 166,00-196,00 | 166,00-196,00 | 166,00-196,00 |
| **Свежо млеко** | 27,00-32,00 | 27,00-33,00 | 26,00-36,00 | 26,00-35,00 | 29,00-35,00 |
| **Трајно млеко** | 45,00-54,00 | 42,00-54,00 | 46,00-54,00 | 45,00-50,00 | 45,00-52,00 |
| **Јогурт** | 38,00-51,00 | 38,00-47,00 | 39,00-49,00 | 39,00-52,00 | 42,00-55,00 |
| **Кисело овчо млеко** | 44,00-48,00 | 46,00-47,00 | 44,00-47,00 | 44,00-47,00 | 44,00-47,00 |
| **Кисело кравјо млеко** | 24,00-30,00 | 24,00-30,00 | 24,00-29,00 | 24,00-30,00 | 22,00-30,00 |
| **Кравјо сирење** | 165,00-223,00 | 158,00-215,00 | 148,00-215,00 | 148,00-229,00 | 159,00-225,00 |
| **Овчо сирење** | 209,00-312,00 | 229,00-345,00 | 203,00-315,00 | 203,00-315,00 | 220,00-349,00 |
| **Мешано сирење** | 198,00-225,00 | 189,00-232,00 | 197,00-232,00 | 197,00-229,00 | 189,00-273,00 |
| **Кравји кашкавал** | 255,00-328,00 | 265,00-328,00 | 269,00-328,00 | 269,00-322,00 | 288,00-328,00 |
| **Овчи кашкавал** | 373,00-660,00 | 396,00-509,00 | 319,00565,00 | 461,00-579,00 | 447,00-565,00 |
| **Мешан кашкавал** | 298,00-419,00 | 279,00-366,00 | 308,00-366,00 | 308,00-399,00 | 285,00-393,00 |
| **Павлака (1кг)** | 125,00 | 125,00- | 113,00-127,00 | 104,00- | 103,00- |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 127,00 | | 127,00 | 127,00 |
| **Зејтин** | 60,00-73,00 | 54,00-71,00 | 54,00-71,00 | 57,00-71,00 | 55,00-71,00 |
| **Путер** | (250г) 59,00-89,00 | 59,00-121,00 | 59,00-122,00 | 59,00-122,00 | 62,00-122,00 |
| **Маргарин(250г)** | 23,00-51,00 | 26,00-56,00 | 26,00-50,00 | 28,00-45,00 | 28,00-51,00 |
| **Маргарин(500г)** | 87,00-103,00 | 79,00-101,00 | 70,00-89,00 | 77,00-93,00 | 75,00-93,00 |
| **Шеќер (1кг)** | 37,00-43,00 | 37,00-43,00 | 37,00-43,00 | 37,00-43,00 | 39,00-43,00 |
| **Шеќер (900г)** | 38,00-39,00 | 38,00-39,00 | 38,00-42,00 | 38,00-43,00 | 38,00-42,00 |
| **Мармалад850г** | 92,00-98,00 | 92,00-98,00 | 92,00-98,00 | 92,00-99,00 | 95,00-98,00 |
| **Мармалад 890г** | 108,00-119,00 | 108,00-115,00 | 110,00-111,00 | 110,00-111,00 | 111,00 |
| **Мармалад 710г** | | | | | 110,00-124,00 |
| **Сол 1кг-** | 23,00-28,00 | 19,00-28,00 | 23,00-28,00 | 23,00-28,00 | 22,00-28,00 |
| **Сол 500г-** | 13,00-16,00 | / | / | 15,00 | / |
| **Вегета 250г-** | 48,00-79,00 | | 43,00-78,00 | 43,00-79,00 | 39,00-79,00 |
| **Вегета 500г -** | 164,00 | 83,00-169,00 | 83,00-94,00 | 83,00 | / |
| **Оцет1л** | 27,00-34,00 | 28,00-55,00 | 28,00-55,00 | 32,00-55,00 | 30,00-36,00 |
| **Оцет 0,7л-** | 44,00-48,00 | 42,00-48,00 | 44,00-52,00 | 44,00-52,00 | 42,00-53,00 |